**Нови 15 претставници на граѓански организации и активисти** се стекнаа со знаења и практични вештини од обласста на граѓанското новинарство. Со тоа, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и [Телевизија Телма](#)

**успешно обучија 83-ца граѓани кои ќе станат гласот на нивните заедници**
.



Програмата беше сочинета од теоретски и практичен дел за **пишување на новинарски стории, фото и видео новинарство и етиката во граѓанското новинарство**
. Исто така, се дискутираше за
**социјалните медиуми**
како канали на комуникација и
**блогирањето**

како можност за правење општествена промена.

Обучувачи беа Боби Христов од Телевизија Телма, Томислав Георгиев, професионален фотограф, Гонце Јаковлеска, Борис Ристовски и Фанија Ивановска од МЦМС. Тие се задоволни што учесниците активно ја следеа обуката, поставуваа многу прашања и покренаа продуктивни дискусии.




„Како дел од Перципио, сега можам да придонесам за подобро пишување новинарски стории и објави на самата организација, но и да им помогнам на другите членови за тоа **како треба структурно да изгледа една фотографија или текст**
“, задоволно сподели со нас Никола Михајловски, еден од учесниците.

МЦМС организираше пет вакви обуки за граѓанско новинарство. Тие беа **од регионален карактер и се одржаа во Скопје, Битола, Штип, Струмица и последната во Охрид**. Ова беше една од активностите планирани со проектот **„ Топ тема на ваша страна“, што МЦМС го спроведува заедно со Телевизија Телма**. Проектот е финансиран од УСАИД.